ЈПК"Брегалница"-Делчево
Бр. 0102-119/1
07.03.2024 год.
Д Е Л Ч Е В О

**ЈКП БРЕГАЛНИЦА**
**Д Е Л Ч Е В О**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА
# НА ЈКП"БРЕГАЛНИЦА"-ДЕЛЧЕВО
# ЗА 2023 ГОДИНА

**Делчево**
**Март 2024**

## - ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Решение бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година донесено од Собрание на Општина Делчево како Установа за комунални услуги и е запишано во Судскиот регистар со Решение на Окружниот стопански суд во Штип Ус. Број 122/66 од 22.12.1966 година.

Со Одлука на Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27.11.1989 година ЈКП Брегалница-Делчево е организирано како јавно претпријатие за комунални дејности.

Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево со арх.број 0101-121/1 од 19.04.2019 година е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието на седница одржана на ден 19.04.2019 година а Советот на Општина Делчево има дадено согласност на истиот со Одлука бр.09-1049/1 од 07.06.2019 година.

## - ДЕЈНОСТ

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево е основано заради вршење на дејност од комуналната област која е од јавен интерес.

Јавното претпријатие дејноста ја врши трајно и без прекин а неговата работа е јавна и транспарентна и претставува незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Делчево.

Јавното комунално претпријатие "Брегалница"-Делчево врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за управување со отпадот, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност на претпријатието е:

- Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

- одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
- собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
- расчистување на диви депонии во градот и руралните населби;
- изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
- чистење и метење на улици и јавни површини;
- одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
- одржување, уредување и управување со градски гробишта;
- одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија;
- одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево;
- крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

## -ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.Сектор за Општи и правни работи;
2.Сектор за Финансии, сметководство и комерција
3.Сектор за Водовод и канализација;
4.Сектор за Комунална хигиена;
5.Сектор за Градско зеленило и гробишта.

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
- Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈКП "Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2023 година изнесува 79 вработени во редовен работен однос и 7 привремени работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

## -РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПО РАБОТНИ ЕДИНИЦИ ВО 2023 ГОДИНА

## СЕКТОР ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ

Согласно планираните активности во Програмата за работа за 2023 година овој сектор во извештајниот период ги има извршено сите тековни работи околу правилно и законско функционирање на целокупното работење на претпријатието, како и сите правни и административно-технички работи (следење на законските прописи, подготвување и усогласување на општите акти, архивирање, евиденција и средување на актите и др.)

Во делокругот на оваа работна единица спаѓа и подготовка на материјали за седниците на Управниот и Надзорниот одбор, изготвување записници од седници и одлуки и други акти.Во 2023 година одржани се вкупно 9 седници на Управниот одбор на ЈКП Брегалница-Делчево и изготвени 23 одлуки на Управен одбор, како и 4 седници на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење и 4 одлуки (мислења) на Надзорен одбор.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето во текот на 2023 година преземени се сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците на услуги, односно изготвувани и доставувани се редовно опомени и предупредувања за долг и до надлежните Нотари поднесени се вкупно 147 предлози за донесување на решенија врз основа на веродостојна исправа.

Во делокругот на овој сектор спаѓа и водењето на јавни набавки преку Одделениото за јавни набавки кое во 2023 година има спроведдено вкупно 22 постапки за јавни набавки на стоки, работи и услуги за потребите на ЈКП Брегалница Делчево а согласно претходно изготвен Годишен План за јавни набавки и Програма за работа.

Во рамки на овој сектор изготвен е и Годишен план за вработување, измени на годишниот план за вработување, извештаи за реализација на годишниот план за вработување и спроведување на постапки за вработување со објавување на јавен оглас како и водењето на електронскиот си.стем за ;ове;ки ресурси

## СЕКТОР ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Во текот на 2023 година покрај тековните работни активности кои се состојат од изготвување на финансиски планови и анализи за работата на претпријатието, реализација на побарувањата и обврските, изготвување на прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период, ажурирање и точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава претпријатието преку службата на инкасатори, во рамките на оваа работна единица во 2023 година изготвени се периодични (тримесечен, шестмесечен и деветмесечен) извештаи за финансиското работење во 2023 година како и Годишен финансиски извештај за работата за 2022 година и Годишна сметка за 2022 година и истите се усвоени од Надзорниот и Управниот одбор на претпријатието како и од Советот на Општина Делчево.

Во 2023 година продолжено е со ажурирање на податоците за корисниците на комунални услуги од страна на екипи составени од вработени и овој процесс ќе продолжи во текот на целата наредна година.

Исто така во 2023 година во рамките на Проектот за водоснабдување на Делчево финансиран од Швајцарската влада инсталирана е нова web верзија на софтверот за билинг (наплата) и воведено е читање на водомеррите и внесување на состојби преку апликација за мобилно читање со мобилни телефони со што ќе се овозможи подобра и поточна евиденција на потрошената и фактурирана вода како и евиденторање на броилата(водомерите) на корисниците.

Во овој сектор во 2023 година е изготвен Извештај за реализација на Бизнис планот како и барање со целокупната документација за измена на тарифи за водоснабдување до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги согласно зголемените трошоци во работењето.

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2023 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 505.722 $м^3$ вода.

Главни носители на потрошувачката се домаќинствата до кои се дистрибуирани и фактурирани вкупно 455.882 $м^3$ вода или 90,2%, а до правните лица дистрибуирани и фактурирани се 49.840 $м^3$ или 9,8% од вкупно фактурираната вода.

Во 2023 година од домаќинствата и правните лица преку јавниот канализационен систем се одведени и фактурирани вкупно 469.192$м^3$ урбани отпадни води.

Од домаќинствата се одведени вкупно 416.134 $м^3$ урбани отпадни води или 89% од вкупно фактурираната канализација а од правните лица одведени се 53.058$м^3$ урбани отпадни води или 11%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2023 година ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности:

- Отклонети се вкупно 135 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф315=2; ф225=8; ф110=60; ф90=35; ф63=30.

- Извршени се вкупно 125 интервенции на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева со пречник ф50, ф40, ф32, ф25 и ф20 најчесто пред водомерите и во водомерните шахти;

- Извршена е санација или целосна замена на вкупно 2 главни вентили во главни водоводни шахти;

- Извршена е замена на вкупно 153 неисправни водомери од кои 145 за домаќинства и 8 за правни лица ;

- Извршени се 36 нови приклучувања на нови корисници од кои 32 за физички лица а 4 за правни лица.

- Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 30 канализациони шахти;

- Извршени се вкупно 1000 интервенции на отпишување на запишени канализации на главни линии;

- Одговорено е на вкупно 40 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

Покрај редовните и тековни активности, во 2023 година се извршени и следните активности:

Во трети реон на улица Острец и улица Илинденска извршено е приклучување на индивидуалниите корисници на новата реконструирана водоводната мрежа (ПЕ ф90 и ф110 и на потисен цевковод ф225) како и замена на индивидуалните линии на корисниците

Во втори реон на улица Ванчо Прке извршено е приклучување на индивидуалниите корисници на новата реконструирана водоводната мрежа како и замена на индивидуалните линии на корисниците

Во населба Ново Делчево продолжено е со приклучување на индивидуалниите корисници на новата реконструирана водоводната мрежа (ПЕ ф90 и ф110 и ф225) како и замена на индивидуалните линии на корисниците на улиците Пијанечка, Трст, Загребачка, Осоговска, Пиринска и Ленинова.

Во населба Милково брдо на улица Питу Гули, Пере Тошев и Велко Влаховиќ извршено е приклучување на индивидуалниите корисници на новата реконструирана водоводната мрежа како и замена на индивидуалните линии.

Изградени се 4 нови главни водоводни шахти со вградување на потребни фасонски делови на улици Маршал Тито,, Острец, Ванчо Прке и населба .Пролет

Изградена е канализациона линија во населба Пролет ф200 во должина од 200м1 со изгрдаба на армирано бетонска каскадна шахта со ливено железен капак;

Изградба на нова канализациина линија ф200 во Пустевски ендек во должина од 120м1 со изгрдаба на 3 армирано бетонски канализациони шахти со армирано бетонски капаци;

На крак од Булевар Македонија извршено е санирање на канализациона линија оштетена од невремето со изградба - подигање на 3 армирано бетонски канализациони шахти со бетонски конуси и ливено железни капаци и целосно чистење на канлизационите цевки во должина од 100м1.

На улица 8 Септември направена е преливна фекална канализациона шахта и нејзино каналиирање во колекторот за отпадни води со поставување на канализациони цевки ф400 во должина од 50м1.

Извршено е комплетно чистење и санирање на оштетувањето од невремето на канализациона мрежа оштетена од невремето во Звегорска река и с.Звегор на потегот од База Гранит до главен колектор со отварање на повеќе места во растојание од по 5м.

Изработени се 6 бетонски стопи за поставување на канделабри за улучно осветлување во Грдаски парк АСНОМ.

Извршена е санација на патека од бекатон плошки и рабниците околу Градски Пазар оштетени од невремето.

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е неделен распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево, приградските населби (Ѕвегорска река и Басарица) и селата Габрово, Ѕвегор, Полето, Град, Тработивиште и Разловци како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со пет специјални товарни возила за собирање на отпад и тоа

- RENAULT D
- IVECO 70 C 18H WX
- IVECO DAILY 65 C 15/35
- DAIMLER BENZ 2222
- MERCEDES 1213

како и со два трактори со приколка:

- Трактор со приколка IMT 539
- Трактор со приколка IMT 565

Во извештајниот период (во 2023 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од околу 4100 домаќинства и од 320 правни лица во вкупна количина од 7.080 тони или 590 тони месечно.

Од правните лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 180 тони или во просек по 15 тони индустриски отпад месечно.

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма и од планината Голак на спортските терени а особено за време на одржување на Голачките Фолклорни средби кај бината каде што се одржува настанот.

Исто така редовно (два пати месечно) се вршеше и собирање на комуналниот отпад од Граничниот премин врз основа на склучен договор со Царинската Управа на РСМ.

Во есенските месеци Октомври, Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево, населба Звегорска река и Басарица со еден камион MAN и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен.

На неколку наврати извршено е и целосно чистење на градска депонија Острец заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад, а извршено е и опесочување на истата со околу 80м$^3$ песок и шлунак.

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено санирање на самиот пат Делчево-Острец од причини што не е асфалтиран и постојано се оштетува а кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Во извештајниот период покрај редовното собирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните лица извршени се и следните активности:

- Чистење на дива депонија покрај патот за градска депонија Острец;
- Чистење на дива депонија кај тениското игралишта кај градски стадион Делчево;
- Чистење на дива депонија меѓу 2-ри и 3-ти реон во два наврати;
- Чистење на дива депонија на пат за Голак над Градските гробишта лево и десно од патот за Голак;
- Чистење на дива депонија во Црквенски ендек;
- Чистење на дива депонија во Очипала;
- Чистење на депонија за инертен отпад (градежен шут и растителен отпад) Ралова чука (4 пати);
- Чистење на дива депонија под градски гробишта;
- Чистење на дива депонија кај мостот на река Брегалница на ул.Индустриска (долен мост) од двете страни на реката Брегалница;
- Чистење на коритото на река Брегалница и река Габровчица од наноси и талог;
- Чистење на диви депонии во с.Град, с.Тработивиште и с.Разловци;
- Чистење на дива депонија десно од патот Делчево-Берово кај село Град
- Чистење на дива депонија лево од патот Делчево-Берово меѓу село Стамер и село Град (кај место викано Умин дол);
- Чистење на дива депонија кај место викано Попов мост;
- Чистење на диви депонии во с,Вирче кај место викано Блато и кај Виречки преод;
- Чистење на селските енедци во с.Стамер и с.Габрово.

Во 2023 година склучен е договор со фирмата ПАКОМАК Скопје за селектирање на отпад од стакло и хартија. За имплементација на договорот поставени се вкупно 10 специјални садопви (контејнери) за стакло на следните локации : ул.Питу Гули (Милково Брдо), Паркинг кај Здравен дом , ул.Кеј на Ослободување (Паркин до нова црква), Паркинг пред комплекс Делчевчанки, Паркинг кај ресторан Царевосеслки, пред ООУ Ванчо Прке, Кеј на Брегалница (23 броја), Паркинг позади Спомен дом АСНОМ и на БулМакедонија (спроти Терминал) кои редовно се празнат еднаш месечно од страна на фирмата ПАКОМАК.

Исто така во текот на 2023 година склучен е договор и со фирмата НУЛТА ОТПАД ДООЕЛ Скопје за селектирање на електронски отпад за чија реализација поставени се вкупно 5 садови (контејнери) за собирање на електронски отпад на 5 лоации во градот и тоа: ул.Питу Гули (Милково брдо) , Паркинг пред комплекс Делчевчанки, пред ООУ Ванчо Прке, ул.Кеј на Ослободување (Паркин до нова црква) и паркинг позади спомен дом АСНОМ

## СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА

Секторот за одржување на паркови и зеленило во извештајниот период ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности од својот делокруг на работа:

Одржувањето на парковите и јавните зелени површини е примарна активност на оваа работна единица и опфаќа: машинско и рачно косење на трева, гребулење, собирање и изнесување на тревата и друг отпад, садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на парковски клупи и реквизити, полевање на тревата и цвеќињата во летниот период, кроење на украсни дрвца и грмушки, кастрење на суви гранки и сл.

### МАШИНСКО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. м2 | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Триаголници кај семафорите и кај споменикот на Гоце Делчев | 400 | 28 | 11200 |
| 2 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 | 26 | 5200 |
| 3 | Парк пред Стопанска банка | 250 | 28 | 7000 |
| 4 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 2000 | 19 | 3800 |
| 5 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од семафори до с.Звегор) | 2000 | 13 | 2600 |
| 6 | Жардинерии на ул.М.Тито | 2000 | 23 | 4600 |
| 7 | Жардинерии на ул.М.М.Брицо | 2000 | 26 | 5200 |
| 8 | Градски парк пред спомен дом АСНОМ | 7500 | 25 | 187500 |
| 9 | Парк со езерца пред споменикот на Гоце Делчев | 4500 | 26 | 117000 |
| 10 | Парк на Кеј на Ослободувањето | 10000 | 25 | 250000 |
| 11 | Детски игралишта (Милково Брдо, старо Пожарно и Стрелиште) | 840 | 8 | 6720 |
| 12 | Мини парк на ул.Питу Гули | 200 | 6 | 1200 |
| 13 | Градски Стадион | 6050 | 23 | 139150 |
| 14 | Лево и десно од пешачката стаза од стар Монопол до с.Звегор | 5000 | 1 | 5000 |
| 15 | Градски гробишта (стари, средни и горни) | 2000 | 6 | 12000 |
| 16 | Мини парк кај Старо пазариште (пред Жито маркет и кај фонтана) | 350 | 26 | 9100 |
| 17 | Мини парк на ул.М.Тито (спроти ресторан Трла) | 200 | 26 | 5200 |
| 18 | Нов Градски пазар | 3000 | 12 | 36000 |

## РАЧНО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА СО ТРИМЕР

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косините лево и десно од мостот на река Брегалница (под стоковната куќа Пела и под црквата Св. Кирил и Методиј) | 10000 | 8 | 80000 |
| 2 | Кеј на река Брегалница | 10000 | 13 | 130000 |
| 3 | Корито на река Габровчица | 10000 | 6 | 60000 |
| 4 | Триаголник на спој на ул.В.Влаховиќ и ул. Македонска | 150 | 3 | 450 |
| 5 | Триаголник на ул.Пере Тошев | 150 | 3 | 450 |
| 6 | Триаголник на спој на ул. Пере Тошев, ул.В.Јоциќ и ул.Македонска | 150 | 3 | 450 |

## ГРЕБУЛЕЊЕ, СОБИРАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ТРЕВА И ДРУГ ОТПАД

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. $м^2$ | Повтор. (пати) | Вк. површ. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење и чистење на зелена површина на ул. Пере Тошев | 1000 | 1 | 1000 |
| 2 | Странично чистење на ул.Острец, ул.Солунска, ул.М.М.Брицо и дел од ул.Скопска | 4000 | 2 | 8000 |
| 3 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 4000 | 2 | 8000 |
| 4 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од семафори до с.Звегор) | 4000 | 3 | 12000 |
| 5 | Чистење на ендек во Расадник и дел од ул.М.Тито и ул. Индустриска (околу Ветеринарна станица) | 1500 | 2 | 3000 |
| 6 | Странично чистење на ул.8-ми Септември | 1000 | 1 | 1000 |
| 7 | Чистење на просторот околу трансформатор во Милкво Брдо | 1000 | 1 | 1000 |
| 8 | Чистење на просторот пред маркет Жито | 100 | 4 | 400 |
| 9 | Странично чистење на ул.С.Марковиќ | 1000 | 3 | 3000 |
| 10 | Чистење на просторот околу детска градинка и автобуска станица | 1000 | 3 | 3000 |
| 11 | Странично чистење на дел од ул.Индустриска (од мостот на река Брегалница до ул.Бул.Македонија) | 1200 | 2 | 2400 |
| 12 | Чистење на просторот и косината над гимназијата М.М.Брицо | 600 | 3 | 1800 |
| 13 | Чистење на косината над ресторант Трла | 200 | 2 | 400 |

## САДЕЊЕ НА СЕЗОНСКО ЦВЕЌЕ

| Р. Бр. | Локација-место | Ед, мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Градски парк пред Спомен-дом АСНОМ, Парк со Езерца, Парк пред Стопанска Банка, Парк на Кеј на Ослободување, Мини парк кај Старо пазариште и жардинерии на М.М.Брицо | Парче | 10.000 |

Одржувањето на јавната чистота односно секојдневното метење на улиците и тротоарите по претходно изготвен План за собирањето на отпадоци од јавните површини е исто така една од редовните активности на ова работна единица.

## МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| ДЕН | РЕОН - УЛИЦИ | Површ. $м^2$ | Повторување |
|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Градски парк АСНОМ, паркинг пред собрание, ул.С.Марковиќ и ул.М.М.Брицо (од мостот до семафорите), ул.М.Тито и Градски пазар | 11.000 | 52 |
| ВТОРНИК | Градски полигон, ул.Кеј на Ослободување, парк во Ново Делчево, парк Езерца и двоен терен за тенис кај стадионот и ул.Н.Ј.Вапцаров | 9.800 | 52 |
| СРЕДА | Ул.М.М.Брицо (од старо Собрание до семафори), ул.Бул.Македонија (од семафори до Скопјанка) | 5.200 | 52 |
| ЧЕТВРТОК | Ул.Бул.Македонија (од семафори до МВР), ул.М.Тито (од мосто до Хотел Македонија) и ул.С.Марковиќ | 6.200 | 52 |
| ПЕТОК | Ул.М.М.Брицо (од семафорите до МВР), ул.С.Марковиќ и ул.Н.Ј.Вапцаров и Градски пазар | 6.000 | 52 |
| САБОТА | Градски пазар | 1.800 | 52 |

Покрај редовните активности во 2023 година оваа работна единица ги има извршено и следните дополнителни активности:

- Пролетно и есенско кастрење на гранки и лисја од дрвја и грмушки, како и кроење на зизмелени и цветни грмушки и алпиниуми на јавните зелени површини во градот.

- Прихранување со арско ѓубре NPK(16x16x16) на зимзелени и листопадни украсни дрва на разделот на коловозот на Булевар Македонија од семафори до бензинзка станица ОИЛ ДЕ;

- Хортикултурно уредување и оплеменување на просторот околу споменикот на Н.Ј.Вапцаров пред Спомен-домот АСНОМ, обогатено со цветен аранжман околу споменикот;

- Припрема, планирање на просторот околу нов Градски Пазар, засејување на трева и хортикултурно уредување со засадување на украсни дрвца (јавори и црвена слива);

- Чистење и планирање на просторот од гумената брана на река Брегалница до пешачкиот мост и засејување на просторот со трева во вкупна површина од 3000м2;

- Засадување на 30 броја јасени на десната страна на Кеј на река Брегалница (од гумена брана до пешачки мост);

- Засадување на20 броја на украсни дрвца (јавори и црвена слива) на Кеј на река Брегалница под новата Црква во самиот парк кај езерцата;

- -Засадување на 9 броја украсни зимзелени дрвца (туја) кај новата грдаска фонтана пред стоковна куќа Пела;

- Косење на трева и чистење на просторот во и околу Манастирскиот комплекс Св.Богородица-Балаклија;

- Косење на трева на просторот околу скалите кои ги поврзуваат улица Солунска со улица Илинденска;

- Косење на просторот позади детската градинка "Весели Цветови";

- Косење на трева и чистење на просторот позади трибини на Градски стадион;

- Косење на трева и чистење на просторот околу бината и манастирот Св.Пантелејмон на планината Голак;

- Косење на трева со тримерки во с.Разловци (просторот околу основното училиште "Климент Охридски", дворот на црквата "Св. Цар Константин и Царица Елена и просторот околу Спомен-домот "Разловечко Востание").

- Косење на трева на селки гробишта во с.Тработивиште И с.Габрово;

- Чистење на косината на раскрсницата помеѓу улица Пере Точев и улица Македонска од обраснати диви грмушки и капини.

- Повеќекратно чистење од отпад на просторот околу станбена зграда Брод на Бул.Македонија и косење на израсната трева со тримери;

- Чистење на просторот од двете страни на пешачката патека од Делчево до с.Звегор (чистење од растителен отпад, кастрење на диви гранки, косење на трева со тримерки и собирање отпадоци);

- Чистење на ендекот помеѓу 3 реон и Стар расадник од растителен и друг вид на отпад;

- Чистење на просторот од двете страни на улица Маршал Тито од касарната до населба Стрелиште (чистење на растителен отпад, кастрење на диви гранки и грмушки, косење на трева со тримерки и собирање на отпадоци);

- Поставување знамиња и натписи на летната бина за секој државен празник и секоја манифестација како и поставување на Велигденски украси на јавни зелени површини.

**Одржување на јавното улично осветлување**

ЈКП Брегалница-Делчево покрај другите дејности од јавен интерес врши и одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.

Во делокругот на оваа дејност реализирани се следните активности:

- Поради дотраеност извршена е редовна замена на обичен Al - кабел од 16мм2 со самоносечки кабел (СКС 2х16мм2) во должина од околу 500 м1 во градот Делчево и сите села од општината;

- Извршена е редовна замена на околу 280 улични светилки од 24W како и редовна замена на парковски светилки со 100 LED светилки од 15W.

- Поставување на нова линија во Градски парк АСНОМ со инсталирање на нов подземен доводен кабел 4х16мм2 во должина од 150м1,, поцинкована лента во должина од 170м1, поставување на девет канделабри и бакарен кабел 3х1,5мм во должина од 100м1.

- Замена на 140 светилки во Градски пар со нови LED плочки.

- Поставување на нова инсталација на улица Влаинска во должина од 100 метри со поставување на два дрвени столбови;

- Поставени се два нови рефелектори во училишниот двор во с.Габрово и три рефлектори на спортското игралиште во с.Трaботивиште

- Демонтирање на вкупно 45 уреди во трафостаниците во градот и селата кои беа поставени заради спроведување на мерки за Штедење на електрична енергија односно за гасење на уличните светилки од 1ч по полноќ до 07ч наутро.

- Извршени се повеќе санации на скинати подземни кабли при ископи заради дефекти на водоводна мрежа.

- Вршено е редовно сервисирање и одржување на семафорите со замена на вкупно 70 дотраени со нови 100w светилки со волфрамово влакно и замена на трафо од 24W..

- Новогодишно украсување во центарот и во градскио парк со украсување на нови метални украсни елементи..

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2023 ГОД

## 1. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РСМ бр.159/09, 64/10 и 107/11 кои се применуваат во РСМ согласно законот за трговски друштва (Службен весник на РСМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 48/10, 24/11). Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар.

Просечниот број на вработени во ентитетот заклучно со 31.12.2023 год. изнесува 77.

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните:

**1).Нематеријални средства** евидентирани во годишната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување. Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства (книговодствен софтвер) е засновано на нивниот кристен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век. Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.

**2).Материјалните средства** (Недвижностите, постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намелена за акумулираната амортизација. Акумулираната амортизавија е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки:

а) Згради (високо ниска градба) ............... 2.5%
б) Моторни возила ...................................... 25%
в) Компјутери ............................................. 25%
г) Мебел и опрема ..................................... 10-25%

**3).Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.

**4).Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.

**5).Приходите од продажба** се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите се прикажани пофактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ:**

ЈКП Брегалница - Делчево во своето работење за 2022 година оствари негативен финансиски резултат односно **загуба од -3.165.371,00 денари.**

# ПРИХОДИ

**Вкупните приходи од работењето во 2023 год. изнесуваат 52.897.510,00 денари**

| Р.б. | ПРИХОДИ | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење -физички и правни лица | 21.294.126 | 18.003.492 |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 7.010.210 | 5.381.378 |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 12.263.587 | 12.170.004 |
| 4 | Приходи од приклучок на водовод | 212.360 | 233.600 |
| 5 | Приходи од магацин | 37.632 | 16.228 |
| 6 | Приходи од резервации | 4.000 | 5.200 |
| 7 | Плакање на целокупната обврска по долг за погребни услуги | 339 | 3.491 |
| 8 | Приходи од управување со гробишта | 138.625 | 138.969 |
| 9 | Приходи од водомери | 10.476 | 13.505 |
| 10 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 109.500 | 79.500 |
| 11 | Приходи од гробна такса | 1.846.550 | 1.638.080 |
| 12 | Приходи од ново гробно место | 224.144 | 338.205 |
| 13 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 22.750 | 43.000 |
| 14 | Приходи од такса од полигон за полагање | 93.658 | 94.264 |
| 15 | Приходи од пазарна такса | 1.300.939 | 1.160.756 |
| 16 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 187.500 | 240.000 |
| 17 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 7.036 | 1.484 |
| 18 | Приходи од одржување на паркови и зеленило | 1.785.040 | 1.441.200 |
| 19 | Приходи од закупнина | 45.900 | 61.200 |
| 20 | Приходи од одржување на јавна чистота | 840.220 | 1.967.800 |
| 21 | Приходи од раздвојување на приклучок на водоводна мрежа | 4.800 | 9.600 |
| 22 | Приходи по основ на сопствени услуги | 840.220 | 1.967.800 |
| 23 | Приходи од вишоци по попис | 0 | 0 |
| 24 | Приходи од минати година | 350.737 | 325.174 |
| 25 | Приходи од државни подршки,донации,субвенции | 2.488.310 | 2.290.124 |
| 26 | Приходи од наплатени судски трошоци | 332 | 2.272 |
| 27 | Вонредни приходи | 31.081 | 77.210 |
| 28 | Останати приходи од работењето | 7.134 | 17.649 |
| 29 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.676 | 40.676 |
| 30 | Дополнително утврдени приходи од наплата на спорни побарувања-еуростандард банка | 0 | 40.898 |
| 31 | Приходи од нотарски трошоци | 10.710 | 4.903 |
| 32 | Приходи по основ на камати по видување | 81 | 98 |
| 33 | Приходи од машински ископ и затрупување на канализ. ров | 0 | 500 |
| 34 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 399.837 | 395.256 |
| 35 | Приходи од канализација-ел. сајла | 54.000 | 47.650 |
| 36 | Приходи од одржување на граничен премин Делчево | 980.880 | 903.560 |
| 37 | Приходи од изработка на капаци за канализациони шахти | 20.328 | 0 |
| 38 | Приходи од рачно планирање на каналски ров | 0 | 1.500 |
| 39 | Приходи од користење на градска капела | 219.392 | 213.232 |
| 40 | Приходи од машински утовар на градежен шут | 0 | 6.900 |
| 41 | Приходи од одстранување дефект на водоводна линија | 0 | 4.710 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 42 | Приходи од разбивање на бетонски плочи со хилта | 0 | 1.500 |
| 43 | Приходи од раздвојување на приклучок на деловен објект | 0 | 7.300 |
| 44 | Приходи од уништување на роба | 14.400 | 0 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **52.897.510** | **49.389.868** |

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи од работењето во 2023 год. изнесуваат 56.062.881 денари**

| Конто | Назив на конто | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 1.281.685 | 1.511.623 |
| 401 | Трошоци за материјали | 185.887 | 307.096 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 4.595.933 | 6.033.470 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 262.856 | 173.346 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 290.943 | 104.156 |
| 410 | Транспортни услуги | 13.390 | 7.210 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 209.606 | 159.819 |
| 412 | Одржување на градежна машина | 368 | 0 |
| 413 | Трошоци за одржување | 383.688 | 249.677 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги-ј.чистота | 883.431 | 2.067.790 |
| 417 | Трошоци за налепници | 3.000 | 0 |
| 419 | Останати услуги | 4.403.588 | 3.114.626 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 34.776.996 | 30.952.913 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 1.175.311 | 975.113 |
| 430 | Трошоци за амортизација-градежени објекти и опрема | 3.049.237 | 2.812.835 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила и амортизација на нематеријални средства | 2.717.484 | 2.741.200 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 24.025 | 1.200 |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 46.659 | 46.655 |
| 443 | Трошоци за спонзорство/донации | 6.000 | 7.444 |
| 444 | **Трошоци за репрезентација** | **202.237** | **200.700** |
| | -угостителски услуги,трошоци за рекламен материјал | 128.405 | 109.326 |
| | -трошоци за манифестации(полагање на цвеке) | 4.680 | 3.300 |
| | -стоки од продавница | 52.188 | 82.048 |
| | -трошоци за репрезентација -8 ми март | 7.200 | 6.026 |
| | -трошоци за репрезентација(елементарна непогода) | 9.764 | 0 |
| 446 | Банкарски услуги | 357.795 | 280.215 |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 0 | 18.643 |
| 449 | **Останати трошоци од работењето** | **857.815** | **523.507** |
| | -преглед на вода ЈЗУ , | 157.786 | 117.178 |
| | -одржување на компјутерски софтвер-мегасофт | 55.134 | 50.004 |
| | -трошоци за службени весници,огласи | 19.203 | 57.399 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -трошоци за санитарен преглед на работници | 5.000 | 6.000 |
| | -трошоци за машински ископ на ров-мини ровокопач | 0 | 16.666 |
| | -трошоци за членарина-адком | 65.760 | 69.360 |
| | -трошоци за провизија-агенција за привремени вработ. | 229.466 | 52.788 |
| | -др.нематеријални трошоци-одобренија погребални | 37.984 | 115.216 |
| | -др.неспомнати трошоци | 287.482 | 38.896 |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност на материјални средства | 0 | 82.705 |
| 466 | Траен отпис на ненаплатени побарувања | 2.358 | 0 |
| 469 | Останати расходи од работењето | 281.633 | 138.251 |
| 474 | Трошоци за камати - ЕВН | 44.622 | 8.049 |
| 479 | Камати за ненавремено платени јавни давачки | 1.446 | 9.614 |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 4.888 | 6.333 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД** | **56.062.881** | **52.534.190** |

## ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА
**(заклучно со 31.12.2023)**

**Фактурирано/Наплатено**
**-ДОМАЌИНСТВА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Домакинства | 01/2023 | 2.988.445 | 2.824.981 | 94% | 163.464 |
| Домакинства | 02/2023 | 2.940.273 | 2.763.018 | 94% | 177.255 |
| Домакинства | 03/2023 | 2.997.943 | 2.786.472 | 93% | 211.471 |
| Домакинства | 04/2023 | 3.011.856 | 2.795.635 | 93% | 216.221 |
| Домакинства | 05/2023 | 3.059.197 | 2.811.680 | 92% | 247.517 |
| Домакинства | 06/2023 | 3.115.970 | 2.831.650 | 91% | 284.320 |
| Домакинства | 07/2023 | 3.282.330 | 2.981.436 | 91% | 300.894 |
| Домакинства | 08/2023 | 4.029.878 | 3.478.539 | 86% | 551.339 |
| Домакинства | 09/2023 | 3.544.043 | 3.015.326 | 85% | 528.717 |
| Домакинства | 10/2023 | 3.424.536 | 2.740.639 | 80% | 683.897 |
| Домакинства | 11/2023 | 3.167.337 | 2.069.171 | 65% | 1.098.166 |
| Домакинства | 12/2023 | 3.070.434 | 303.338 | 10% | 2.767.096 |
| **ВКУПНО** | | **38.632.247** | **31.401.890** | **81%** | **7.230.357** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ПРАВНИ ЛИЦА**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Правни лица | 01/2023 | 663.483 | 640.927 | 97% | 22.556 |
| Правни лица | 02/2023 | 655.434 | 617.019 | 94% | 38.415 |
| Правни лица | 03/2023 | 728.156 | 691.269 | 95% | 36.887 |
| Правни лица | 04/2023 | 679.107 | 640.864 | 94% | 38.243 |
| Правни лица | 05/2023 | 702.099 | 643.965 | 92% | 58.134 |
| Правни лица | 06/2023 | 718.906 | 631.405 | 88% | 87.501 |
| Правни лица | 07/2023 | 712.617 | 646.042 | 91% | 66.575 |
| Правни лица | 08/2023 | 714.354 | 605.923 | 85% | 108.431 |
| Правни лица | 09/2023 | 770.222 | 668.031 | 87% | 102.191 |
| Правни лица | 10/2023 | 723.544 | 557.056 | 77% | 166.488 |
| Правни лица | 11/2023 | 739.075 | 471.535 | 64% | 267.540 |
| Правни лица | 12/2023 | 699.381 | 1.549 | 0% | 697.832 |
| **ВКУПНО** | | **8.506.383** | **6.815.590** | **80%** | **1.690.793** |

**Фактурирано/Наплатено**
**ГРАДСКИ ПАЗАР**

| Корисници | Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|---|
| Градски пазар | 01/2023 | 72.453 | 64.827 | 89% | 7.626 |
| Градски пазар | 02/2023 | 70.165 | 62.539 | 89% | 7.626 |
| Градски пазар | 03/2023 | 71.436 | 59.413 | 83% | 12.023 |
| Градски пазар | 04/2023 | 89.362 | 81.226 | 90% | 8.136 |
| Градски пазар | 05/2023 | 91.141 | 78.176 | 85% | 12.965 |
| Градски пазар | 06/2023 | 89.616 | 81.989 | 91% | 7.627 |
| Градски пазар | 07/2023 | 134.997 | 134.997 | 100% | 0 |
| Градски пазар | 08/2023 | 133.472 | 128.896 | 96% | 4.576 |
| Градски пазар | 09/2023 | 129.659 | 125.845 | 97% | 3.814 |
| Градски пазар | 10/2023 | 137.286 | 134.235 | 97% | 3.051 |
| Градски пазар | 11/2023 | 136.523 | 125.082 | 92% | 11.441 |
| Градски пазар | 12/2023 | 128.896 | 92.286 | 72% | 36.610 |
| **ВКУПНО** | | **1.285.006** | **1.169.511** | **90%** | **115.495** |

07.03.2024 год.
Делчево

ЈКП Брегалница-Делчево
Директор
Стојче Стојковски

Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0203-123/2
11.03. 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 27 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/1996) и член 19 од Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП"Брегалница"-Делчево на седницата одржана на ден 11.03.2024 година го донесе следното:

Мислење
до Управниот одбор на ЈКП "Брегалница"-Делчево
за Извештајот за работа за 2023 година и Годишната сметка на
ЈКП"Брегалница"-Делчево за деловната 2023 година

По разгледувањето на Извештајот за работата за 2023 година и Годишната сметка на ЈКП"Брегалница"-Делчево за деловната 2023 година, Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Брегалница"-Делчево во целост ја одобрува Годишната сметка за 2023 година заведена под број 0501-120/1 од 07.03.2024 год. и Извештајот за работата за 2023 година заведен под број 0102-119/1 од 07.03.2024 год. и дава позитивно мислење и препорака до Управниот одбор за нивно усвојување.

Да се достави до;
-Управен одбор;
-Сметководство;
-Архива.

Претседател
на Надзорен одбор за контрола
на материјално-финансиското работење
Методи Димитровски

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево

Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0202-125/2
12.03 2024 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96) и член 15 од Статутот на ЈКП"Брегалница"-Делчево бр.0101-121/1 од 19.04.2019 год., Управниот одбор на својата седница одржана на ден 12.03.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За усвојување на Извештајот за работата на ЈКП "Брегалница"-Делчево за 2023 година

1. Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работата на ЈКП "Брегалница" - Делчево за 2023 година број 0102-119/1 од 07.03.2024 год.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Управен одбор
Претседател
Владимир Мерзликин

Јавно Комунално Претпријатие БРЕГАЛНИЦА ПО Делчево

ЈКП БРЕГАЛНИЦА-Делчево

| Примено: | 07.05.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 189 | /1 | |

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 34.редовна седница, одржана на ден 29.04. 2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Извештајот за
работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2023

1. Се усвојува Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2023 година, бр. 0102-119/1 од 07.03.2023 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево, со Одлука број 0202-125/2 од 12.03.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09- 720 /1
29.04.2024 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО